Macedonian | Македонски

# WOLLONGONG
# ВОДИЧ НИЗ СЛУЖБИ ЗА ОТПАД

ПОЗНАВАЈТЕ ЈА ВАШАТА КАНТА!




Јавете се на REMONDIS Harbour Cities

**1300 362 360**

www.wollongongwaste.com.au

HARBOUR CITIES
YOUR WASTE. YOUR FUTURE.

wollongong
city of innovation

# ВАШАТА СЛУЖБА ЗА ОТПАД

Услугата на собирање отпад на Wollongong City Council вклучува FOGO (остатоци од храна и градинарски отпад) канта секоја недела, канта за рециклирање на две недели и канта со отпадоци за на депонија еднаш неделно, како и две услуги за расчистување на домаќинството (Household Cleanups) во една финансиска година.



**FOGO**
НЕДЕЛНО

**РЕЦИКЛИРАЊЕ**
НА ДВЕ НЕДЕЛИ

**ОТПАД**
НЕДЕЛНО

## ДАЛИ СТЕ ГО ПРОПУШТИЛЕ ПРАЗНЕЊЕТО НА КАНТИ?

Јавете се на REMONDIS Harbour Cities Team во рок од 48 часа за да организирате враќање (Return Service).



## ВАШАТА ЦРВЕНА КАНТА ЗА ОТПАД ЗА ДЕПОНИЈА **ДОАЃА ВО ТРИ ГОЛЕМИНИ**

Одбирајќи помала канта наместо голема од 240 литри, може да заштедите на вашиот годишен надомест за отпад и да ѝ помогнете на природната околина




ГОЛЕМА | СРЕДНА | МАЛА



## ДАЛИ ВАШАТА **КАНТА Е СКРШЕНА?**

Јавете се на REMONDIS Harbour Cities Team **за поправки и замени без надомест**

**1300 362 360** | www.wollongongwaste.com.au

## СНИМЕТЕ ЈА **АПЛИКАЦИЈАТА WOLLONGONG WASTE**

Календар
Водич за рециклирање од А до Ш
Закажување
Потсетување за денови за празнење на канти
Потсетување за настани во врска со отпадот

**www.wollongongwaste.com.au/WasteApp**




**СНИМЕТЕ ЈА АПЛИКАЦИЈАТА WOLLONGONG WASTE**

# FOGO

Користете ја вашата неделна зелена канта за храна и градинарски отпадоци од органско потекло (Food Organics and Garden Organics - FOGO).

Содржината се праќа во локална постројка за процесирање заради претворање во компост.

Вреќи што се разложуваат во компост и кујнски канти за отпадоци може бесплатно да се земат во нашите **локални библиотеки**.

## КОРИСТЕТЕ САМО




ВРЕЌА ШТО СЕ РАЗЛОЖУВА ВО КОМПОСТ (COMPOSTABLE LINER)
**AS 4736**

## ДА




- Вреќи што се разложуваат во компост (compostable liners) AS 4736
- Остатоци од овошје и зеленчук
- Ливчиња од чај и талог од кафе
- Јајца и млечни производи
- Сите остатоци од храна и преостанато јадење
- Месо, коски и морска храна
- Градинарски кастрења и цвеќе
- Тестенини, леб, ориз и цереалии (cereal)

## НЕ

- Пластични кеси, мека пластика и биоразградливи кеси
- Пелени за еднократна употреба и производи за лична хигиена
- Налепници на овошје
- Исечкана хартија, валкана хартија и кутии за пица
- Градежен отпад, камења и земја
- Градинарски црева и саксии
- Отпад од домашни миленици и мачешки песок (Kitty Litter)
- Полистиренска пена*
- Кафе и кесички од чај
- Бои, масла и други опасни материјали*
- Електронски отпад* и батерии*

***БЕСПЛАТНО** безбедно отстранување на проблематичен отпад во **Community Recycling Centre** (CRC), Kembla Grange, отворен 7 дена.

# РЕЦИКЛИРАЊЕ

За рециклирање на прифатливи материјали користете ја жолтата канта што се празни на две недели. Ве молиме не ги ставајте во кеса предметите за рециклирање - оставете ги слободни.

Содржината се праќа во постројка за рециклирање во Сиднеј за да се преработи во нови производи.

## Секојпат рециклирајте правилно

### КОМУНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ

нуди **БЕСПЛАТНО** и **ЛЕСНО** решение за жителите на Вулонгонг да ги рециклираат проблематичните отпадни предмети од домаќинството.

## ДА

- **Чиста хартија и картон**
- **Стаклени шишиња и тегли** (Не ги вадете капаците)
- **Челични и лименки од спреј**
- **Картонски пакувања за млеко и сокови**
- **Алуминиумски лименки, тави и чиста фолија**
- **Тврди пластични садови** (Не ги вадете капаците)

## НЕ

- **Пластични кеси, мека пластика и биоразградливи кеси**
- **Отпадоци од храна**
- **Исечкана хартија, валкана хартија и кутии за пица**
- **Бои, масла и други опасни материјали***
- **Пелени за еднократна употреба и производи за лична хигиена**
- **Електронски отпад***
- **Батерии***
- **Полистиренска пена***
- **Градежен отпад и метален отпад**
- **Садови, огноотпорни стаклени садови и стакларија**
- **Градинарски отпад**
- **Облека и чаршави**
- **Градинарски црева и саксии**
- **Чаши, чинии и прибор за јадење за еднократна употреба**




****БЕСПЛАТНО*** безбедно отстранување на проблематичен отпад во **Community Recycling Centre** (CRC), Kembla Grange, отворен 7 дена.

# ОТПАД ЗА НА ДЕПОНИЈА

Користете ја вашата црвена канта што се празни секоја недела за сите отпадоци што не можат да се рециклираат, повторно да се користат или да се пренаменат.

Сè што е во оваа канта се праќа на депонија и ништо не се враќа назад.

**Ајде депонијата да ја полниме помалку**

**ХРАНАТА Е ЗА FOGO НЕ ЗА ДЕПОНИЈА**

## ✓ ДА

- Општ отпад што не може да се рециклира
- Пластични и биоразградливи кеси
- Пелени за еднократна употреба и производи за лична хигиена
- Отпад од домашни миленици и мачешки песок (Kitty Litter)
- Полистиренска пена*
- Чаши, чинии и прибор за јадење за еднократна употреба
- Градинарски црева и саксии
- Мека пластика, пакувања за бисквити и чипс
- Облека и чаршави
- Садови, огноотпорни стаклени садови и стакларија

## ✗ НЕ

- Шишиња за гас и противпожарни апарати*
- Бои, масла и други опасни материјали*
- Батерии*
- Градежен отпад и метален отпад, камења и земја
- Шприцови
- Флуоросцентни ламби и цевки*
- Електронски отпад*
- Отпадоци од храна




****БЕСПЛАТНО*** безбедно отстранување на проблематичен отпад во **Community Recycling Centre** (CRC), Kembla Grange, отворен 7 дена.

# УСЛУГА ЗА
# **РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО**

Две собирања во финансиска година се на располагање на домаќинствата за да исфрлат поголеми предмети што не се погодни за добротворни цели.



**КУП 1**
**РЕЦИКЛИРАЊЕ**



**КУП 2**
**МЕТАЛЕН ОТПАД**



**КУП 3**
**ДЕПОНИЈА**

Душеци, автомобилски гуми, електронски отпад и метал се собираат за рециклирање и мора да бидат ставени во посебни купови. Сите други предмети се праќаат на депонија - **ништо не се зема назад**.

Ве молиме размислете да подарите или продадете предмети секогаш кога е можно.

Чистења (cleanups) мора да се закажат **ПРЕД** предметите да се остават на тротоарот.

Ставете ги предметите за собирање до 6 часот наутро на денот за собирање, но не повеќе од 24 часа порано.

Предметите за на депонија не смеат да бидат повеќе од $2м^3$ (2м x 1м x 1м).

Метален отпад не смее биде повеќе од $1м^3$ (1м x 1м x 1м).

Се применуваат ограничувања за предмети за рециклирање.

Мали предмети ставете во кеса или кутија.




**КОМПЛЕКСИ СО 9 ИЛИ ПОВЕЌЕ СТАНОВИ**

Контактирајте со вашиот менаџер на имот (property manager) или „strata manager“ заради организирање на чистење во вашиот комплекс.

# УСЛУГА ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО



ОСТАВЕТЕ ГИ **ВАШИТЕ КОРИСТЕНИ ПРЕДМЕТИ** ШТО МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТАТ **ВО REVOLVE CENTRE БЕСПЛАТНО***

*Предметите ќе бидат проценети од персоналот пред да бидат прифатени

## ✓ ДА

**Предметите за рециклирање** и **метален отпад** да бидат ставени во посебни купови

Предмети за на **депонија** да бидат ставени на **посебен куп;** малите предмети ставете ги во кеса или кутија

- **Душеци**
- **Компјутери и лаптопи**
- **Гуми** (само автомобилски и за моторцикли)
- **Телевизори**
- **Микробранови печки**
- **Мали отпадни метални предмети** (Максимум 1м³ по собирање)
- **Мал мебел, основи на комплети и мали предмети за домаќинство**
- **Градинарски алат и опрема**
- **Спортска и опрема за кампување**
- **Бебешки предмети и играчки** (на пример, големи и мали колички, детски креветчиња, кадички, седишта за кола)
- **Облека и обувки** (во кеси) (несоодветни за добротворни цели)
- **Парчиња од ќилими и таписони** (Парчињата мора да бидат покуси од 2 метра)

## ✗ НЕ

- **Домашен отпад или остатоци од храна**
- **Камења и земја**
- **Боја, масло, батерии или боци за гас***
- **Бела техника и големи предмети за домаќинство***
- **Градежен и комерцијален отпад**
- **Градинарска вегетација**
- **Предмети што може да се рециклираат**
- **Полистирен***
- **Медицински отпад**
- **Хемикалии**
- **Рамно стакло или огледала**
- **Автомобилски делови**
- **Картон**
- **Предмети подолги од 2 метра или премногу тешки за да ги носат две лица**

****БЕСПЛАТНО*** безбедно отстранување на проблематичен отпад во **Community Recycling Centre** (CRC), Kembla Grange, отворен 7 дена.

# Комунални центри за рециклирање

**БЕСПЛАТНА УСЛУГА**

## Отпаден материјал

### Оставете го вашиот проблематичен домашен отпад за рециклирање

Сите домашни отпадоци не може да се стават во вашата канта што се изнесува на работ од тротоарот. Комуналните центри за рециклирање нудат бесплатно и лесно решение за отстранување на проблематичен домашен отпад.

**Wollongong Waste and Resource Recovery Park**
Reddalls Road, Kembla Grange, NSW, 2526

**Работни денови** 7.30 наутро - 4.30 попладне
**Викенди** 8 наутро - 4 попладне
**Државни празници** 8 наутро - 4 попладне
**Божиќ** - Затворено

- Флуоросцентни ламби и цевки
- Шишиња за гас и противпожарни апарати
- Картон и хартија
- Компјутери и телевизори
- Детектори на чад
- Мобилни телефони
- Батерии за домаќинство и автомобилски акумулатори
- Боја
- Рендгенски снимки (x-rays) (извадени од коверта)
- Метален отпад
- Полистирен
- Моторно и други масла

*Предметите треба да бидат во количества за домаќинства (не поголеми од 20 кг или 20 литри)

Овој проект е поддржан од Environmental Trust како дел од иницијативата „Помалку отпад, повеќе рециклирање“ (Waste Less Recycle More) на Агенцијата за заштита на природната околина на Нов Јужен Велс (NSW Environment Protection Authority).

## ПРАШАЈТЕ СТРУЧЊАК ЗА ОТПАД



**Дали имате прашања како да намалите, повторно користите и рециклирате?** Пратете нѝ ги вашите прашања заедно со вашиот претпочитан начин на контактирање и наш стручњак за отпад ќе ви се јави во рок од два работни дена.

**www.wollongongwaste.com.au/ask-a-waste-expert**